СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л Н И К
## за управување со фондот за взаемна помош

Скопје, 2018 година

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1402/1
07.11 2018 год
СКОПЈЕ

Арх. знак 0201
Рок на чување тр
07.11 2018 год.
Потпис,

Врз основа на членот 64 и 67 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија Собранието на Стоматолошката комора на Македонија на ден 24.10.2018 година го донесе следниот:

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОТ ЗА ВЗАЕМНА ПОМОШ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува постапката за управување со фондот за взаемна помош за членовите на Стоматолошката комора на Македонија и член на семејството на починат член на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 2**

Стоматолошката комора на Македонија отвара посебна сметка во една од комерцијалните банки за фондот за взаемна помош.

Средствата од фондот од став 1 на овој член, се наменети за взаемна помош на членовите на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 3**

Средствата од член 2 од овој Правилник се издвојуваат од средствата собрани и наплатени од членовите на Стоматолошката комора на Македонија, по основ членарина и донации.

**Член 4**

За потребите на формирање на Фонд за взаемна помош се дефинира износ од 300 денари од секоја уплатена чланарина и истиот треба да биде наменет на посебна, наменска сметка.

Наменската сметка се отвара и користи исклучиво за прибирање на средства за взаемна помош и нивно користење согласно овој Правилник.

Средствата од наменската сметка се користат исклучиво со врзани потписи на претседателот на Комората и претседателот на Комисија за взаемна помош.

**Член 5**

Вкупниот очекуван износ на средства кои ќе бидат уплатени во овој Фонд, го сочинуваат составниот дел на годишниот финансиски план на Стоматолошката комора на Македонија за наредната година.

Висината на средставата од ставот 1 на овој член, кои ќе претрпат измени, а кои се издвојуваат во Фондот, во текот на работната година, ја утврдува Извршниот одбор, со своите одлуки.
Согласност на одлуката на Извршниот одбор од претходниот став на овој член, го дава Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на седницата на која се усвојува Извештај за финансиско работење за тековната и Планот за приходи и расходи за наредната година.

**Член 6**

Право на парична помош има секој член на Стоматолошката комора на Македонија, кој редовно плаќа членарина, согласно Статутот на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 7**

На еден член на Комората взаемна помош може да се одобри по ист основ најмногу еднаш во две годишен период, за што се поднесува извештај до Извршниот одбор на СКМ, за корисниците на взаемната помош (со име и презиме) на крајот од тековната година.

**Член 8**

Комисија за управување со средствата од взаемниот фонд на Стоматолошката комора на Македонија по доставено писмено барање од страна на членот на Комората, или член на семејството на починат член на СКМ, одобрува исплата на взаемна помош, под услов истиот редовно да плаќал членарина, во следните случаи и со исполнување на следните критериуми:
1) За сите тешки болести со компликации (малигно заболување, тежок инвалидитет и сл.) кои бараат зголемени трошкови за лекување, земајки ја во обѕир меѓународната класификација на заболувањата( МКБ ) на членот на Комората;

2) Во случај на настапување на потешка инвалидност, доколку инвалидноста настапила, како последица на повреда на работно место или како професионално заболување, и доколку повредата предизвикала потешко телесно оштетување, значително ја намалила работната способност на членот на Комората и бара зголемени трошоци во функција на одржување на здравствените, професионалните и работни способности.
Во овој случај со писменото барање одобрување и исплата на взаемна помош, именуваниот член на Стоматолошката комора на Македонија должен е да достави валидно решение од надлежната установа за утврден степен на инвалидитет;

3) Заради намалување на последиците од елементарните непогоди, доколку членот на Комората се обратил со барање непосредно по елементарната непогода (поплава, пожар, олуен ветер, замјотрес и слично) најкасно 30 дена, од денот на елментарната непогода и случувањето на штетното дејство, а покрај барањето доставува и доказ за последиците од елементарната непогода (фотографии и записник од надлежните органи и слично) ;

4) За давање на помош за починат член на Комората - со писмено барање за исплата на оваа помош, подносителот на барањето приложува:
- фотокопија од изводот на матичната книга на умрените за починатиот член на Комората
- извод од матичната книга на венчани доколку барањето го поднесува брачниот другар
- извод од матичната книга на родени доколку барањето го поднесува родителот или децата, односно уверение за зедничко домаќинство, доколку барањето го поднесува вонбрачен другар или извод од матичната книга на родени, односно доказ за посвојување доколку барањето го поднесуват издржувани деца.

**Член 9**

Взаемна помош од член 8 изнесува:
- за смрт на член на Стоматолошката комора на Македнија се исплаќа еднократно во износ од 30.000,00 денари.
- за подолга болест, рехабилитација или при настанување на инвалидитет на членот на Стоматолошката комора на Македонија, со приложената медицинска документација се исплаќа еднократно во износ до 25.000,00 денари.

**Член 10**

Взаемна помош за намалување на последиците од елементарни непогоди или други вонредни околности, се исплаќа еднократно во износ од 15.000,00 денари.

**Член 11**

Доколку се јави случај кој не е посебно регулиран со овој Правилник, се применува взаемна помош во паричен износ утврден со член 10 од овој Правилник, по процена на Комисијата.

**Член 12**

За поднесените барања за доделување на паричнии средства, од фондот за взаемна помош на членовите на СКМ одлучува Комисија која ја именува Собранието на Стоматолошката комора на Македонија и истата брои три члена.
Комисијата се состанува најмалку два пати годишно, а по потреба може и почесто.

**Член 13**

Постапката за доделување на финансиски средства од фондот за взаемната помош, на членовите на СКМ, започнува така што членот на Стоматолошката комора на Македонија или членот на семејството на членот на СКМ или орган поднесува писмено барање до стручната служба на Комората.

За смртен случај и елементарни непогоди, барањето за покренување постапка за доделување финансиски средства од овој фонд, се поднесува најдоцна во рок од 90 дена од денот кога настанал случајот.

Барањето за покренување на постапката мора да содржи:
1. Опис на барањето за која цел се наменети средствата од фондот
2. Документацијата со која се докажува потребата од користење на финансиски средства од фондот за взаемна помош.
3. Потпис на подносителот.

**Член 14**

По приемот на барањето стручната служба на Комората, ја утврдува формалната исполнетост на условите на барањето, проверува дали барањето е поднесено во рокот утврден со член 13 став 2 и веднаш потоа го известува претседателот на надлежната Комисија.
Претседателот на Комисијата го разгледува барањето за покренување постапка и доколку истото нема потополна документација, по писмен пат го известува подносителот во рок од 15 (петнаесет) дена да го дополни и врати назад во стручната служба на Комората.
Доколку подносителот на барањето не го дополни во оставениот рок од став 2 од овој член, ќе се смета дека барањето е повлечено, а ако барањето биде вратено без дополнување, ќе се отфрли.
Доколку е барањето ја има потребната потполна документација, Претседателот на Комисијата го става предметното барање на дневен ред на редовната или закажува вонредна седница на Комисијата, во зависност од ургентноста и природата на барањето и по однос на истото носи одлука во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на поднесување на барањето.

**Член 15**

Доколку е незадоволен од донесената одлука од страна на Комисијата, подносителот на барањето има право во рок од 15 дена од денот на примето на одлуката, да поднесе жалба до Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија.
Извршниот одбор на својата прва наредна седница носи одлука по однос на жалбата.

**Член 16**

Во постапката за утврдување на доделување на финансиски средства од фондот за взаемна помш, на Комисијата мора да и се обезбеди увид во досието на членот на Комората и евентуално друга потребна документација, а на барање на Претседателот на Комисијата, вработениот во Стручната служба на СКМ има обврска да и ја достави на Комисијата целокупната потребна документација.

**Член 17**

Комисијата своите одлуки ги носи согласно овој Правилник и истите ги доставува во пишана и електронска форма до Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, членовите на Извршниот одбор на СКМ, Надзорниот одбор на СКМ и на заинтересираните страни во постапката за доделување на парични средства од фондот за взаемна помош на членовите на СКМ.

**Член 18**

Овој правилник стапува на сила на денот на неговото донесување.
Измените и дополнувањата на овој Правилник се донесуваат во постапка предвидена за неговото донесување.

**Член 19**

По донесувањето на овој Правилник истиот се објавува на веб страната на Стоматолошката Комора на Македонија како информација достапна до членството на Стоматолошката комора на Македонија.

**Скопје 24.10.2018 година**

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Маријан Денковски**

**Собрание на Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател**
**Д-р Оливер Манасиев**